# ПЕРЧИНКОВ

САЛОН НА МУЗЕЈОТ — ЃУРО САЛАЈ 34
SALON DU MUSÉE — ĐURO SALAJ 34

МУЗЕЈ НА
СОВРЕМЕНА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

MUSÉE
D'ART
CONTEMPORAIN
SKOPJE

# ДУШАН ПЕРЧИНКОВ
# DUŠAN PERČINKOV

1. III. — 20. III. 1968

Душан Перчинков му припаѓа на оној дел на најмладата македонска ликовна генерација, што се вклучи во нашите уметнички констелации во последните три-четири години. Општите интелектуални и творечки особености на оваа група уметници, во многу нешто се производ на една нова атмосфера во рамките на југословенското ликовно подрачје и одделно, во скопскиот ликовен круг.

Последиците на тие нови социјални, културни и естетски услови врз интелектуалното и уметничко оформување на најмладите македонски ликовни уметници, не се секогаш шематски, праволиниски, исклучиво формално-стилски уочливи. Кај нив тие последици најмногу се изразуваат како засилен интелектуален напор за освојување на пошироки духовни хоризонти и творечка глад за култивирање на својата уметничка порака: за нејзиното содржинско и формално градење со амбиција да се укинат оние можни ограничувања на своето творештво, внатре во границите на локалното, подрачното, како облик на ,,омеѓување" на духот; наспоредно со засилено, на дијалектички нов степен поставено, смислено, емоционално и естетско сознавање на културните и уметнички вредности на националниот амбиент, на неговите карактеристични особености; и вклучување на импулсите добиени од такво едно општење во битните поводи и суштини на својата уметност.

,,Случајот" на Перчинков е означен, покрај припаѓањето на ваков општ историски миг, со оодделни специфичности. До појавата на неговото сликарство тенденциите што тоа ги изразува никогаш се немаа оформено со таква прецизност и доследност во македонската ликовна средина. Тука мислам особено на белезите во сликарството на Перчинков што значат поврзување со оние токови на модерната уметност, што преку кубизмот, неопластицизмот, геометриската апстракција итн., се допираат, во некои свои стилски ,,гранични зони", со елементи на одделни актуелни движења во ликовната уметност: во сликарството на Перчинков е присутна клима што значи, со делување на чудната и прагматички неуочлива логика на уметничкото изразување, ,,коегзистенција" на белезите на метафизичко-надреалистичкото сликарство, геометриската апстракција, новиот реализам и поп-артот. Сликарството на Перчинков толкува и едно нагласено настојување кон проблемот на ликовното изразување да се постави однос заснован на исклучително естетски критериуми. Конечно, тука го среќаваме познатиот проблем на генерации што се следуваат, но се наоѓаат во различни историски ситуации, со изменета визија на животот и кои активно бараат нова смисла на односот меѓу светот и битието на човекот.

Сета логика на досегашната уметничка и стилска еволуција на Перчинков, е условена со овие фундаментални определби на неговата личност. Првите ликовни потфати на овој уметник условно можат да се означат како рационален, конструктивистички реализам. Мотивите обично се конструирани, ,,наместени" теми, состави, композиција на предмети што спонтано, според своите материјални и формални структури, се податливи за своевидна обликовна лапидарност, шематизација, аналитичко пречистување на деталите. Прецизно цртачки оформени геометриски форми, се втопуваат во грижливо одбран студен колорит, што понекаде добива метален интензитет и агресивност (околу 1961, 1962, 1963). Меѓутоа, комплексноста и здржаните, контролирани немири на психичкиот живот на Перчинков, брзо се изразија во една карактеристична паралелност или

поточно: заемност на два тока, на две основни творечки настојувања во сето негово досегашно творештво.

Во сликарството на Перчинков, наспоредно со тежнеењето кон една картезијанска организираност и рационалност на ликовниот јазик, се изразува вториот пол на личноста на уметникот: со кој таа се дополнува, станува целосна како однос кон светот во кој живее уметникот и кон сите манифестации на уметноста од истиот тој историски период: обид за посегање по тајните на човековиот немир, внимателно навлегување во бездните на неговиот дух и во мистериите на постоењето на светот, што се кријат зад фасадата на формалниот, појавен ред, зад неговата строга, конструирана одмереност и хармонија. Тоа е барање на ,,ирационалниот ред на нештата", на — како што Перчинков ги именува — ,,имагинарните" состојби на нештата и појавите во светот на објективната стварност. Формално — стилски оваа компонента во творештвото на Перчинков презема нешто од поуките на метафизичкото сликарство, магичниот реализам и надреализамот (1962—1967). Надреалноста, метафизичките состојби во ликовните ситуации на Перчинков, се од особен вид. Тие се постигнати низ процесот што значи трпеливо пробивање на уметниковиот интелект, низ пороите на податоците кои објективната стварност ги упатува на неговата свест, кон она што е некоја (според чувството, интуицијата, спонтаното насетување на уметникот) од константите, модалитетите на постоењето и општото манифестирање на некоја појава. Во овој негов напор на духот да се ,,очистат" слоевите што ја опфаќаат ,,иманентната суштина" на формите, во кои светот на материјалната реалност ни се предлага: пејсажот, нештата, предметите, амбиентите, фигурата во најширока смисла на зборот, не е вклучена интенционална, програмирана филозофичност, не е содржано програмирано настојување што однапред веќе си го содржи и одговорот. Зашто Перчинков, колку и недоречено, недоволно доследно во некои творби, оперира како естетска и ликовна свест и последната етапа на неговата креација, е само последна етапа на едно уметничко одразување и изразување. Ова му припаѓа на личност која сака да се соживи со своето време: подразбирајќи ја тука хронолошката определба мошне пошироко и повеќе како време кое трае поради трајноста на, пред се, духовно — уметничките вредности што му припаѓаат. Така за Перчинков ,,мигот", времето на апстрактната уметност и надреализмот се честички на една целосност, кон која тежнее неговата личност, како долг кон особеностите на епохата во која таа се остварува.

Оттука, условно означена како надреалистичка (или метафизичка или магично — реалистичка) компонента на досегашното творештво на Перчинков е родствената, создадена во опстановка на знатна усогласеност со втората, картезијанска, апстрактно-рационална ориентација во творештвото на уметникот и во буквална ликовна смисла. Тоа е значаен елемент во интеграцијата на неговата личност и за една особена многузначност, ,,слоевитост" на пораките во соопштувањата на неговото сликарство. Ако надреализмот го прифатиме и како инструмент, метод или барем обид да се приближат и откријат механизмите што делуваат во длабините на уметниковата свест, очигледно е дека ,,аклиматизацијата" со таква насоченост кај Перчинков е средство, пат за да се ,,исполни" со содржина, со значење, со порака од понагласено човечки, психолошки карактер уметничкото дело. Барањето, од друга страна, на најпогодната естетска форма за секое свое ликовно искажување, ја преземе кај овој уметник улогата на естетска, уметничка ,,цензура", за ништо да не се жртвува на екстра уметнички моменти, цели и ситуации (,,Сеќавање на Далмација", 1961 62, ,,Пилана", 1961 62, ,,Автопат", 1963, ,,Езеро", 1964, ,,Имагинарен дел на паркот" I и II, 1965, ,,Имагинарен предел", 1966 итн.).

Паралелно, ликовно хармонично со оваа еволуциона низа на своето сликарство, Перчинков го трансформираше своето ликовно изразување низ отвореноста за естетските и ликовни поуки од некои видови на кубизмот, неопластицизмот и геометриската апстракција; за да се доближи до сегашните, постенформелни, модалитети на апстрактната уметност, на оп-артот и ,,естетизираните" моменти во поп-артот. Оваа сликарска ориентација на Перчинков значи посветување на особена грижа за укажување на рационалниот ред на составките во сликарската композиција, како естетски квалитет и категорија: грижа за неговото конципирање како простор—форма и со соопштување такво значење на пластичната форма, со која таа станува нешто

конкретно, реално и необично визуелно прегледна, погодна за усвојување. Композициите на сликите кај Перчинков: од првите, што содржеа некаква понагласена мотивско — тематска ,,читливост", полека добиваа аспекти на конструкција од податоци што се внесуваат во еден посебен ,,компјутер": личноста на уметникот, неговата естетска свест. Перчинков применува мисловно, рационално проучување на структурата на секоја визуелно-пластична сензација, за да го открие анализира, пронајде естетското, како прво ниво; а потоа, ,,додавајќи" го својот тип емоционалност, чувственост и мисловност, да се постигне нивото на уметничкото во ликовното дело. Грижливата, првостепено техничка и ликовна дотераност на творбите, се јавува кај Перчинков со полифоно значење. Таа, пред се, искажува една посебност, една суштинска одлика на времето (технизицирано, индустријализирано, урбанизирано), решава една битна особина на творечката природа на авторот. Животот на сликарството на овој уметник се содржи во самото дело: една дијалектика на форми и на бои каде тој се развива надвор од секоја романтична страст, што не значи дека овие форми и овие бои се лишени од содржина.

За Перчинков сите овие елементи на неговото творештво се импрегнирани со смисла за согледување пиктурално-пластичната проблематика со една нова, современа визуелност. Таа е најмногу изразена во свеста за особената ликовност на современата амбиентална панорама што е создадена од човекот или во која е наметливо неговото (иако не буквално физичко, очигледно, директно) присуство: со инстервенцијата, со учеството негово (на човекот) во озликувањето на новите урбани пејсажи; во ,,преработка", ,,дополнување", ,,дотерување" на природата.

Актуелното во начинот на гледање на Перчинков и во неговото ликовно искажување, е сé поочигледно. Боите што ги користи уметникот (нивната ,,гама" е во постојана еволуција) се, според својот избор (спроведен со усет за меки, здржани хармонии, интензитет и валерски особини), дел од видовите на колористичкото изразување на човекот од втората по.овина на овој век: нивните тонски особености асоцираат, навестуваат дека се преземени од колористичкиот речник на нашето техницизирано време. Логиката со која Перчинков го конструира мотивот, ги распоредува и преобликува неговите делови, начинот на кој ја гради композицијата на своите дела, е обележана со едно карактеристично гледање: тоа може да се нарече, истовремено, синтетичко, декоративно и панорамично-филмско. Ова се изразува во обликувањето на ликовните структури низ проучени, геометриски чисти односи, визуелно-композициони ракурси и избор на детаљи, што има во себе нешто од начинот на кадрирањето во филмот; ја содржи онаа иста визуелна чистота, прегнантност и асимилациона погодност, што ја среќаваме или кон која тежнее јазикот на филмската уметност. Како што таа перцептива ,,еуфорија" на сликите на Перчинков е еден од условите да ги чувствуваме неговите дела доближени до психолошко-естетската функција на индустрискиот дизајн, естетиката на современата амбиентална, архитектонско-урбанистичка декорација итн. Токму во овие комплексни асимилации на современата иконосфера: прецизноста, формалната дотераност на една урбанизирана, психолошко-визуелно строго кондиционизирана средина дури и во своите пластични манифестации, афинитети и вкусови, сликарството на Перчинков се доближува (не напуштајќи го, продлабочувајќи го својот колористички и формален рафинман) со оние форми на новиот реализам и поп-артот, во кои и визуелно-пластично е докрајчена ,,иронизацијата" — и величањето — на современите амбиенти, современите производи, светот на ,,консумираните предмети": проучување морфологијата на нивната сериска, технолошка перфекција, естетска допадливост и податливост за ,,консумирање" (меѓу другите слики: ,,Дел од каменоломот" I и II, 1966, ,,Композиција I", 1965, ,,Композиција IV", 1966, ,,Предел со траги од сонцето", 1967, ,,Остров што цути", 1967, ,,Златен остров", 1967/68, ,,Остатоци од летен предел", 1967, ,,Предел со златни острови", 1967 итн.).

Конечно, досегашната еволуција на сликарството на Перчинков најмногу ветува со своето сериозно, грижливо и континуирано усовршување, со веќе очигледната широка можност на уметникот да се движи хармонично, неспектакуларно во своите творечки манифестации, со времето во кое живее и твори.

ДУШАН ПЕРЧИНКОВ. академски сликар
Роден 1939 во Скопје
Академија за ликовни уметности и специјалка завршил во Белград 1966.
Живее и работи во Скопје како ликовен педагог.
Самостојни изложби:

1966 — Белград, Галерија Коларчев универзитет.

Групни изложби:

Како член на УЛУС и ДПУМ учествувал на нивните изложби од 1966 година.

1965 — Октобарски салон, Белград
— Изложба на југословенска уметност, по повод 20 години на ООН, Словењ Градец

1967 — Изложба ,,Современо македонско сликарство — млада генерација", Скопје, Музеј на современа уметност
— Изложба ,,Современа македонска уметност — млада генерација", Нови Сад, Трибина на младите
— III југословенско триенале на ликовните уметници, Белград
— Изложба ,,Македонски современи уметници — актуелни тенденции", Скопје, Музеј на современа уметност
— Изложба ,,Аспекти на цртежот во Македонија", Скопје, Музеј на современа уметност

Адреса: Перчинков Душан, населба Пржино, ул. 679 бр. 8, Скопје

DUŠAN PERČINKOV, peintre
Né 1939 à Skopje.

1966 il a terminé ses études à L'Académie des Beaux—Arts de Belgrade.

Exposition personnelle: 1966 à Belgrade, Galerie Kolarčev univerzitet.

Expositions collectives:

Comme membre d'ULUS et de DLUM il a exposé à ses expositions à partir de 1966.

1965 — Belgrade — VI Salon d'Octobre

— Exposition d'art yougoslave à l'occasion de 20-anniversaire de OUN, Slovenj Gradec

1967 — Belgrad, III Triennale Yougoslave des Beaux Arts
— Exposition ,,Peinture macédonienne contemporaine
— jeune génération" Skopje, Musée d'art contemporain, Skopje
— Exposition ,,Peinture et sculpture macédonienne contemporaine jeune génération", Tribina mladih, Novi Sad
— Exposition ,,Artistes macédoniens contemporains — tendances actuelles, Musée d'art contemporain, Skopje
— Exposition ,,Aspects du dessin en Macédoine", Musée d'art contemporain, Skopje

Adresse: Dušan Perčinkov, naselba Pržino ul. 679 br. 8, Skopje

„ТРАГОВИ ОД ЛЕТНАТА НОЌ“



# СТИХОВИ НА СЛИКАРОТ



## УТРО

Бледо светло жолто
Распнато од саатна стрелка
Од 6 10 ч
Бледо светло жолто
Распнато до силно жолто
До 12 ч
Од 12 заостанато светло бледо лила
Основно светло бледо љубичасто
Темно модро
Со црна бројка 2
12 саат августов ден
Гуписко лето
Напнатост на жолто и плаво . . .
Жолто од 1 до 2 до 3 . . . 5 . . . 9 . . .
Светло бледо жолто
Без додир на светло плаво
Ненапнато жолто
Мирно тихо жолто
Изискри од додир
На светло жолто и светло лила



## ПОСЛЕДЕН ДЕН ГУПСКО ЛЕТО

Езерото превртено
Од ламарини светка.
Сонцето улиците ги затвара
Во бели квадрати.
Градот во тераси се реди.
На небото со свитки сенки од пирамиди
Дождот ѕвездите ги мие,
И пред белините в бело да застанат
Една ѕвезда бележи
Долг варосан траг.

## КОПИЈА НА НЕБОТО

Меѓу варосани ѕвезди
Меѓу трелки љиљакови сенки облачни
Чешли којe коњанички
Редици . . . . . .
Коњи гипсени
Коњаници штитови златни сонца
Низ безброј шестари на ветрот
Патуваат . . . . . .

## ЈУЛСКА СМЕНА

Денот со стража црни чекори
И ноќта со стража бели чекори . . . . . .
Границат . . . . . .
Црно против црно
Бело против бело.

„ПРЕДЕЛ СО ТРАГИ ОД СОНЦЕТО“





„ЗЛАТЕН ОСТРОВ"

„ПРЕДЕЛ СО ЗЛАТНИ ОСТРОВИ“



„ОСТРОВ ШТО ЦУТИ“



## КАТАЛОГ
## KATALOGUE

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | МРТВА ПРИРОДА I,<br>NATURE MORTE I | гваш<br>gouache | | |
| 2. | МРТВА ПРИРОДА II<br>NATURE MORTE II | гваш<br>gouache | | |
| 3. | СЕЌАВАЊЕ НА ДАЛМАЦИЈА<br>SOUVENIR DE DALMATIE | масло и темпера<br>huile et ddétrempe | 87 × 108 | 1961/62 |
| 4. | ПИЛАНА<br>SCIERIE | масло и темпера<br>huile et détrempe | 64 × 81 | 1961/62 |
| 5. | ТЕРАСА<br>TERRASSE | масло на платно<br>huile sur tiole | 80 × 100 | 1963 |
| 6. | АВТОПАТ<br>AUTOROUTE | масло на платно<br>huile sur toile | 50 × 105 | 1963 |
| 7. | АКТ<br>NU | масло на платно<br>huile sur toile | 50 × 65 | 1963 |
| 8. | БРЕГ<br>RIVE | масло на платно<br>huile sur toile | 58 × 42 | 1963 |
| 9. | УТРО<br>MATIN | масло на платно<br>huile sur toile | 41 × 35 | 1963 |
| 10. | ЕЗЕРО<br>LAC | масло на платно<br>huile sur toile | 58 × 72 | 1964 |
| 11. | МОРЕ<br>MER | масло на платно<br>huile sur toile | 100 × 106 | 1964 |
| 12. | ПОСЛЕДЕН СНЕГ<br>LA DERNIÉRE NEIGE | масло на платно<br>huile sur toile | 40 × 60 | 1965 |
| 13. | СЕЌАВАЊЕ НА ЕДНО ПАТУВАЊЕ<br>SOUVENIR D'UN VOYAGE | масло на платно<br>huile sur toile | 44 × 150 | 1965 |
| 14. | ИМАГИНАРЕН ДЕЛ НА ПАРКОТ I<br>PARTIE IMAGINAIRE DU PARC I | масло на платно<br>huile sur toile | 50 × 60 | 1965 |
| 15. | ИМАГИНАРЕН ДЕЛ НА ПАРКОТ II<br>PARTIE IMAGINAIRE DU PARC II | масло на платно<br>huile sur toile | 60 × 65 | 1965 |
| 16. | ДЕЛ ОД КАМЕНОЛОМОТ I<br>UNE PARTIE DE LA CARRIÉRE I | масло на платно<br>huile sur toile | 24 × 27 | 1966 |
| 17. | ДЕЛ ОД КАМЕНОЛОМОТ II<br>UNE PARTIE DE LA CARRIÉRE II | масло на платно<br>huile sur toile | 24 × 27 | 1966 |
| 18. | ПРЕДЕЛ СО КУПИ ПЕСОК I<br>RÉGION AUX COUPES DU SABLES I | масло на платно<br>huile sur toile | 60 × 105 | 1966 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19. | ПРЕДЕЛ СО КУПИ ПЕСОК II | масло на платно | 77 × 90 | 1966 | |
| | RÉGION AUX COUPES DU SABLE II | huile sur toile | | | |
| 20. | ПЛАЖА | масло на платно | 44 × 81 | 1966 | |
| | PLAGE | huile sur toile | | | |
| 21. | ГРЕБЕН | масло на платно | 27 × 30 | 1966 | |
| | CRÉTE | huile sur toile | | | |
| 22. | ИМАГИНАРЕН ПРЕДЕЛ I | масло на платно | 79 × 68 | 1966 | |
| | REGION | huile sur toile | | | |
| 23. | КОМПОЗИЦИЈА I | масло на платно | 23 × 27 | 1965 | |
| | COMPOSITION I | huile sur toile | | | |
| 24. | КОМПОЗИЦИЈА II | масло на платно | 30 × 42 | 1965 | |
| | COMPOSITION II | huile sur toile | | | |
| 25. | КОМПОЗИЦИЈА III | масло на платно | 32 × 26 | 1966 | |
| | COMPOSITION III | huile sur toile | | | |
| 26. | КОМПОЗИЦИЈА IV | масло на платно | 47 × 100 | 1966 | |
| | COMPOSITION IV | huile sur toile | | | |
| 27. | ИМАГИНАРЕН ПРЕДЕЛ II | масло на платно | 58 × 70 | 1967 | |
| | RÉGION IMAGINAIRE | huile sur toile | | | |
| 28. | ПРЕДЕЛ СО ТРАГИ ОД СОНЦЕТО | масло пна платно | 60 × 120 | 1967 | |
| | RÉGION AUX TRACES DU SOLEIL | huile sur toile | | | |
| 29. | ОСТАТОЦИ ОД ЛЕТНАТА НОЌ | масло на платно | 94 × 94 | 1967 | |
| | LES RESTES DE LA NUIT D'ÉTÉ | huile sur toile | | | |
| 30. | ОСТРОВ ШТО ЦУТИ | масло на платно | 120 × 120 | 1967 | сопственост на МСУ — Скопје |
| | ILE FLORISSANTE | huile sur toile | | | Propriété du Musée d'art contemporain — Skopje |
| 31. | ОСТАТОЦИ ОД ЛЕТНИОТ ПРЕДЕЛ | масло на платно | 93 × 110 | 1967 | |
| | LES RESTES DE LA RÉGION D'ÉTÉ | huile sur toile | | | |
| 32. | ЗЛАТЕН ОСТРОВ | масло на платно | 56 × 120 | 1967 | |
| | L'ILE D'OR | huile sur toile | | | |
| 33. | ПРЕДЕЛ СО ЗЛАТНИ ОСТРОВИ | масло на платно | 107 × 67 | 1967 | |
| | RÉGION AUX ILES | huile sur toile | | | |
| 34. | ИМАГИНАРЕН ДЕЛ ОД ПАРКОТ III | масло на платно | 100 × 80 | 1966 | |
| | PARTIE IMAGINAIRE DU PARC III | huile sur toile | | | |
| 35. | ПЛИМА | масло на платно | 130 × 60 | 1968 | |
| | FLUX | huile sur toile | | | |

## БИБЛИОГРАФИЈА — LITTERATURE


— Ђорђе Кадијевић: Ренесанса форме, НИН, 26. VI. 1966, Белград

— Тодор Стефановић: Предговор за каталог на самостојна изложба во Белград, 2. VI. 1966

— Павле Васић: Изложба Драгослава Стојановића — Сипа и Душана Перчинкова, Политика, 11. VI. 1966, Белград

— Соња Димитрова: Македонските ликовни уметници од најмладата генерација, Мисла, 15. IX. 1966, Скопје

— Соња Димитрова: Резиме на креативните вредности, Мисла, 16. XI. 1966, Скопје

— Соња Димитрова: Есенска изложба на ДЛУМ, Народна просвета, декември 1966, Скопје

— Соња Димитрова: Современо македонско сликарство — млада генерација, предговор за каталог на изложба во Музејот на современа уметност во Скопје, 7. III.— 2. IV. 1967 година

— Владо Урошевиќ: Широчина и страст, Нова Македонија, 12. III. 1967, Скопје

— Симон Шемов: Единствена ликовна манифестација, Вечер, 18. III. 1967, Скопје

— Марко Арсовски: Доследна сликарска генерација, Млад борец, 27. IV. 1967, Скопје

— Борис Петковски: Аспекти на цртежот во Македонија, предговор за каталог на изложба во Музејот на современа уметност во Скопје, 6—20. XII. 1967.

издава : музеј на современа уметност — скопје
предговор : борис петковски
припрема на текстот : љубица дамјановска
превод : соња абаџиева димитрова
поставка на изложбата : стојан петровиќ
техничка опрема : стојан петровиќ
печатено : графички завод „гоце делчев“ — скопје